РОМСКА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА МУЛТИКУЛТУРНА АФИРМАЦИЈА

ПРОЦЕНКА НА ПОТРЕБИ

Мапирање на можностите и потребите за отворање на Здравствено советувалиште во ромската заедница во Општина Битола

Јули 2011 година

ТВОЕТО ЗДРАВЈЕ
ТВОЈА ГРИЖА
ТВОЕ ЧОВЕКОВО ПРАВО

ИЗДАВАЧ:

Ромска Организација за Мултикултурна Афирмација С.О.С. (РОМА С.О.С.) Прилеп

АВТОРИ И УРЕДНИЦИ:

Несиме Салиоска

Јулијана Ангелеска

ПРЕВОД:

Весна Андоновска

ПЕЧАТИ:

Ацетони Прилеп

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

364-787.9-785(=214.58:497.774)

САЛИОСКА, Несиме
Проценка на потреби : мапирање на можностите и потребите за отворање на здравствено советувалиште во ромската заедница во Општина Битола / [автори и уредници Несиме Салиоска, Јулијана Ангелеска ; превод на англиски јазик Весна Андоновска]. - Прилеп : Ромска организација за мултикултурна афирмација - РОМА С.О.С., 2012. - 47, 47 стр. : илустр. ; 21 см

Насл. стр. на припечатениот текст: Needs assesment : mapping the possibilities and needs for opening a healt advising centre in the mynicipality of Bitola / Nesime Salioska, Julijana Angeleska. -
Обата текста меѓусебно печатени во спротивни насоки. - Текст на мак. и англ. јазик

ISBN 978-608-65425-0-4
1. Ангелеска, Јулијана [автор] [уредник]. - I. Salioska, Nesime
види Салиоска, Несиме
а) Здравствено советувалиште за Роми - Битола (општина) - Истражувања
COBISS.MK-ID 90919434

С О Д Р Ж И Н А

Резиме.....5
I: ПРЕДГОВОР.....7
1. Општо за здравствената состојба на Ромите во Македонија 9
2. Искуството на РОМА С.О.С. - Прилеп 11
3. Цел на документот 15
II: МАПИРАЊЕ И АНАЛИЗА НА ЗДРАВСТВЕНАТА СОСТОЈБА НА РОМСКАТА ЗАЕДНИЦА ВО ОПШТИНА БИТОЛА 17
1. Опис на општина Битола и ромската населба 17
2. Состојбата на ромската заедница во општина Битола во однос на вработување, домување, образование и традиција 19
3. Здравствената состојба на ромското население во општина Битола според реализирани истражувања на локално и национално ниво 21
3.1. Здравствената состојба на жените Ромки во општина Битола.....25
III: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ СТАВОВИ ПО ОДНОС НА ЗДРАВСТВЕНИОТ СТАТУС НА РОМСКАТА ЗАЕДНИЦА ОД ОПШТИНА БИТОЛА 27
1. Опфатени институции со мапирањето и нивно поле на дејствување 27
2. Искуство на институциите/установите со ромската заедница во општина Битола и препораки за подобрување на состојбата 28
IV: КВАЛИТАТИВНА АНАЛИЗА НА РЕАЛИЗИРАНИТЕ ФОКУС ГРУПИ СО ЖИТЕЛИТЕ ОД РОМСКАТА НАСЕЛБА БАИР 35
1.Методолошки пристап при организирање на фокус групите.....35
2.Приоритетните проблеми со кои се соочува ромската заедница од населба Баир.....*36*
3. Најчести здравствени проблеми на ромската заедница од општина Битола.....*39*
4. Потребите на ромската заедница од областа на здравствствената заштита.....*41*
V: ЗАКЛУЧОЦИ.....43
VI: ПРЕПОРАКИ И ГЛАВЕН ФОКУС ЗА РАБОТА ВО ИДНИНА 45

ПРОЦЕНКА НА ПОТРЕБИ

Мапирање на можностите и потребите за отворање на Здравствено советувалиште во ромската заедница во општина Битола

РОМА С.О.С.

Јули 2011 година

РЕЗИМЕ

Спроведените истражувања и податоци за ромската заедница од општина Битола, иако се од поодминато време, сè уште и денес ја потврдуваат здравствената состојба како загрижувачка и непроменета поради недоволно преземените конкретни активности на локално ниво.

Локалните институции и здравствени установи ја препознаваат потребата од преземање конкретни и специфични активности кон ромската заедница, со цел нејзино целосно интегрирање и вклучување во здравствениот систем, а секако постои и заинтересираност за нивно вклучување во граѓански иницијативи фокусирани на здравствените проблеми на Ромите.

Населението поради нискиот степен на информираност и едукација не успева да оствари соодветна комуникација со здравствените работници, како и со службениците кои евидентно покажуваат незаинтересираност за специфичните проблеми на ромската заедница; со тоа се создава неможноста за Ромите да пристапат кон процедурите за остварување на основните права, како и да ја подобрат лошата здравствена состојба, што е особено забележително помеѓу женската популација.

Недостигот на локална ромска организација фокусирана кон застапување на здравствените права и проблеми на Ромите дополнително влијае на неможноста за подобрување на пристапот на ромската заедница до институциите/установите, како и на пристапот и вниманието на институциите/установите кон проблемите на оваа заедница.

Според препораките кои доаѓаат од Стратегијата за Ромите, превентивната здравствена заштита заедно со институционалната соработка меѓу релевантните институции и локалната самоуправа кои се во постојана соработка и консултации со ромската заедница, претставува примарна акција што ќе овозможи подобрување на здравствената состојба на Ромите.
Иницирањето на локални инцијативи согласно условите во секоја општина поединечно, претставува најсоодветна мерка во заложбите за подобрување на здравствената состојба на ромската заедница, додека застапувањето за намалување или отстранување на пречките со кои се соочува ромската заедница во пристапот до здравствените установи и повикувањето на одговорноста на јавните здравствени установи се неминовен процес преку кој се очекува да се вклучат Ромите во здравствениот систем.

Врз основа на искажаното, здружението РОМА С.О.С. од Прилеп во декември 2007 година ја покрена иницијативата Здравствено Советувалиште со финансиска поддршка на Институтот Отворено Општество – Будимпешта, чија основна цел е подобрување на здравствената состојба на Ромите од општина Прилеп преку актуелизирање на препреките во пристапот до здравствениот систем.

Успешната реализација на предвидените активности од иницијативата во изминатите 3 години резултираше со подготовка на *Локален Акционен План за Здравјето на Ромите од општина Прилеп*, документ каде се сумирани сите утврдени пречки и потреби на ромската заедница од општина Прилеп и предложени активности за нивно надминување, кој што е усвоен од Совет на општина Прилеп како јавна локална политика.

Врз основа на погоре споменатото, РОМА С.О.С. од Прилеп при имплементација на третото продолжение на иницијативата Здравствено Советувалиште имаше за цел *да создаде услови за отворање на Здравствено советувалиште во ромската заедница во општина Битола (како позитивен модел/пракса за локално подобрување на здравствениот статус на Ромите),* од причина што ромската заедница од општина Битола е четврта по бројност на ромско население во Македонија, а во изминатиот период не е покрената инцијатива со која се адресираат здравствените проблеми на оваа заедница.

За успешно реализирање на оваа цел, како и да се пренесе позитивното искуство од работата во општина Прилеп, РОМА С.О.С. склучи официјална соработка со Центар за Развој на Ромската Заедница "Баирска Светлина" – Битола која се јавува како соработник на оваа инцијатива.
Соработката се одвиваше преку реализација на процес на мапирање и анализа на состојбата, а резултираше со подготовка на овој документ кој ги дефинира потребите и ги рефлектира неопходните мерки за иницирање на здравствена иницијатива во општина Битола.

Мапирањето се спроведе преку:

- преглед на спроведени истражувања и податоци за ромското население од општина Битола;
- организирање индивидуални состаноци со локалните институции/установи за дефинирање на нивната заинтересираност и можност за соработка;
- организирање на две фокус групи со жителите на населба Баир за дефинирање на приоритетните здравствени проблеми со кои се соочува ромската заедница од населба Баир.

Оваа Проценка на потребите ќе послужи како основа за иницирање на активности во општина Битола со кои директно ќе се адресира и застапува здравствената состојба на ромската заедница.

Имено, преку овој документ јасно се утврдени барањата и потребите на локалните институции и населението кои во паралела се поврзуваат и алудираат главно на една генерална потреба – Постоење на центар кој ќе ги канализира пречките низ институционалните процедури и ќе ја фасцилитира меѓусебната комуникацијата (Здравствено Советувалиште).

I:ПРЕДГОВОР

Здравјето е основна потреба на секое човеково битие како и еден од најосновните услови за успешно функционирање на поединецот во семејството и општеството. Од друга страна, уживањето на највисок достижен степен на здравје е право на секоја личност без разлика на верата, расата, полот, политичкото уверување, економскиот и социјалниот статус или друга определба.

Медицината во целина го следи развојот за сфаќањето на здравјето, па почнувајќи уште во минатото сè до денес, се прават напори здравјето целосно да се објасни и детализира. Дефиницијата на Светска Здравствена Организација јасно укажува на фактот дека покрај физичкото и менталното здравје, исто така и социјалната благосостојба е еден од основните сегменти на здравјето. Тоа значи дека за одржување на добра здравствена кондиција потребно е во исто време да се одржува рамнотежа помеѓу физиолошките процеси во човековиот организам и околината, поточно семејството, заедницата и државата во која живее човекот.

Врз основа на многубројни истражувања кои се спроведени во Република Македонија, од страна на невладини организации и институции, утврдено е дека, споредено со другите етнички заедници, Ромската заедница спаѓа во најранливата категорија на граѓани во однос на здравствената состојба.

Република Македонија, во почетокот на 2005 година, со прогласување на Декадата за вклучување на Ромите, како и со усвојувањето на Стратегијата за Ромите од страна на Владата на Република Македонија, отвори добра можност за преземање на посоодветни и поконкретни мерки за подобрување на квалитетот на здравствена заштита на Ромите, како особено ранлива и маргинализирана група во сите општествени процеси.

Според препораките кои доаѓаат од Стратегијата за Ромите, превентивната здравствена заштита заедно со институционалната соработка меѓу релевантните институции и локалната самоуправа кои се во постојана соработка и консултации со ромската заедница, претставува примарна акција што треба да овозможи подобрување на здравствената состојба на Ромите.

Отворање на Здравствени Советувалишта во секоја ромска заедница каде би била овозможена превентивна и здравствена едукација и култура, паралелено со овозможување на бесплатни основни здравствени услуги, е гледано како најефективна иницијатива со која би се постигнало подобрување на здравствената состојба на Ромите.

Искажаното е во релација со фактот што превенцијата е најефикасен и најефтин начин за одржување на здравствената состојба на популацијата, секако проследено со едукативни активности.

Меѓутоа во изминатите 5 години од страна на Министерството за здравство како и од Владата на Република Македонија, не се преземени доволно конкретни активности во однос на здравствената состојба на ромската заедница, а во насока на практична реализација на предвидените активности, што дополнително укажува на ургентната потреба од граѓански инцијативи со кои ќе се адресираат и таргетираат здравствените проблеми на Ромите. Притоа, при таргетирањето на проблемите треба да се земе предвид фактот што секоја ромска заедница се карактеризира со одредени специфики согласно околностите во кои живее. Иницирањето на локални инцијативи согласно условите во секоја општина поединечно, претставува најсоодветна мерка во заложбите за подобрување на здравствената состојба на ромската заедница, додека застапувањето за надминување на пречките со кои се соочува ромската заедница во пристапот до здравствените установи и повикувањето на одговорноста на јавните здравствени установи се неминовен процес преку кој се очекува Ромите да се вклучат во здравствениот систем.

За жал, ромските граѓански организации сè уште го носат товарот на постојано потсетување на државните органи за обврските кои ги имаат кон ромската заедница, а со цел да се овозможи еднаков пристап до услуги и соодветна здравствена заштита на Ромите како еднакви граѓани на Република Македонија.

1. Општо за здравствената состојба на Ромите во Македонија

Лошите услови за живот, тешката физичка работа и недоволно чистата животна средина во комбинација со слабата исхрана и недоволната едуцираност, придонесуваат за лошата здравствена состојба на Ромите, која покажува одредени специфики кои се разликуваат од општата национална слика за здравствената состојба во РМ. Сите овие фактори доведуваат до пократок животен век на Ромите во споредба со општата популација која што живее на територијата на Република Македонија.

Дополнително, невработеноста и лошата економска ситуација, субстандардните услови за живеење во мали домови несоодветни за бројот на луѓе кои живеат во нив, значително влијае врз здравјето на Ромите. Од друга страна, нееднаквиот третман од страна на дел од медицинскиот персонал претставува пречка за редовни и навремени здравствени прегледи на Ромите.
Имено, според истражувањата на УНДП[1] 27% од мажите Роми и 31% од жените Ромки страдаат од хронични заболувања (во споредба со 23% од не-ромското население кое живее во непосредна близина на Ромите). Последните истражувања[2] откриваат дека поголемиот дел од Ромите не се финансиски моќни да си ги дозволат потребните лекови или 25% од анкетираните не можат да си дозволат ниту еден од потребните лекови.

Големиот процент на Роми кои боледуваат од сериозни заболувања се должи на фактот што бараат медицинска помош само во случаи на потешка болест или кај жените кога треба да се породат. Покрај тоа што Ромите не се во можност да ги покријат високите финансиски трошоци за медицинска помош, 48% од жените Ромки анкетирани за Извештајот во Сенка изјавиле дека не одат на редовни гинеколошки или општи здравствени прегледи поради страв од погрешно лекување. Интервјуираните жени изјавиле дека не им веруваат на докторите и сметаат дека сите доктори ги третираат Ромите поинаку од не-Ромите. Срамот е исто така забележан како причина за ретките гинеколошки испитувања. На абортусот се гледа како на најсоодветен начин за планирање на семејството, но истиот често резултира со малигни и други заболувања кај жените во однос на репродуктивното здравје.
Во однос на ситуацијата на децата и жените во Македонија, Државниот Завод за статистика укажува дека ромските деца се двапати повеќе подложни на понизок раст и помала тежина во споредба со децата од македонска или албанска етничка припадност.

---

[1] УНДП, Лица на сиромаштија, Лица на надеж: *Профили на ранливост за Декадата за вклучување на Ромите,* Братислава 2005 година
[2] Европски Центар за Малцински прашања, Ромите на пат кон интеграција: *Анализи и Препораки, Скопје,* септември 2005 година
[3] Државен Завод за Статистика, Мониторинг на ситуацијата на децата и жените: Мулти-индикаторско Кластерско Истражување 2005-2006, Скопје, септември 2007 година

Истото истражување потенцира дека албанските (65%) и ромските (66%) деца се понередовно вакцинирани, споредено со македонските деца (88%).

Жените од ромската заедница се помалку наклонети да пристапат до антенатална здравствена заштита од доктор во споредба со македонските жени (79 наспроти 98 проценти). Виртуелно, сите жени во Македонија добиваат специфична грижа како дел од антенаталната заштита во текот на бременоста, но овие проценти се најмали помеѓу бремените жени од најсиромашните населби, ромската заедница и помеѓу жените без образование. Од друга страна, ромските жени се помалку писмени во споредба со македонските и албанските жени (61% наспроти 99%). Дополнително, процентот на бракови на возраст под 15 и под 18 години се највисоки помеѓу жените од ромската заедница (11% под 15 години и 49% на возраст под 18 години).

Поради тоа што Ромите немаат соодветно образование или познавања за превентивните мерки и за тоа како да ја одржат и подобрат својата здравствена состојба, паралелно со непознавањето на јазикот кој го користи медицинскиот персонал и стравот од несоодветен третман, многу често ја напуштаат здравствената установа со многу прашања и погрешни претпоставки.

Меѓу поважните системски фактори кои влијаат на ваквата состојба се: нерегулиран граѓански статус и немање соодветна лична и друга документација, немање постојано вработување, непријавување во Агенцијата за вработување, ненавремено пријавување поради што го губат правото на здравствено осигурување и друго, што се само дел од условите за пристап до основниот пакет здравствени услуги гарантирани со Законот за здравствено осигурување.[4]

Слична е ситуацијата и со информираноста на Ромите во однос на остварувањето на другите права, како што се социјалната заштита, детската заштита, образованието и вработувањето.

Ваквата состојба ја утврдуваат и националните политики (Стратегија за Ромите во Република Македонија) како и извештаите за следење на имплементацијата на Декадата за вклучување на Ромите 2005-2015 година (Decade Watch Report).

[4] *Програма за РЗМ на РМ*

2. Искуството на РОМА С.О.С. - Прилеп

Врз основа на споменатите препораки од Стратегијата за Ромите, здружението РОМА С.О.С. од Прилеп во декември 2007 година ја покрена иницијативата *Здравствено Советувалиште* со финансиска поддршка на Институтот Отворено Општество – Будимпешта, чија основна цел е подобрување на здравствената состојба на Ромите од општина Прилеп преку актуелизирање на препреките во пристапот до здравствениот систем.

Спроведените активности во рамките на инцијативата, кои континуирано се реализираат главно се групираат во 3 области, а заклучно со Јули 2011 беа реализирани следните:

* Информирање и едукација:

1. *Дистрибуција на промотивен материјал* за подигање на нивото на информираност на ромската заедница во однос на здравствената заштита.

2. *Организирање на работилници* за подигање на нивото на едукација кај ромската заедница на теми поврзани со репродуктивното и сексуалното здравје, како и со заразните заболувања, реализирани во соработка со здравствените установи на територијата на општина Прилеп.

3. *Организирање на обуки за волонтери* за едукација на млади Роми како идни промотори на знаење на теми поврзани со остварување на правата од: здравствената заштита, здравственото осигурување и правото на недискриминација.

* Промоција на превентивни здравствени мерки и обезбедување на бесплатни здравствени услуги за корисниците на социјална помош:

1. *Организирање на отворен ден за преглед* за извршување на општи/систематски прегледи на жените Ромки во просториите на Здравственото Советувалиште.

2,. *Организирање на мамографски прегледи и ехо на дојка* за вклучување на жените Ромки во превентивните мерки и нивно приближување во борбата против ракот на дојката и раното детектирање на заболувања на дојката.

3. *Организирање на гинеколошки прегледи и бесплатни ПАП тестови* преку што се мотивираа жените Ромки да водат активна грижа за сопственото репродуктивно здравје и навремено да се дијагностицираат и третираат репродуктивните заболувања. Истовремено оваа активност овозможи подобрување на комуникацијата помеѓу жените Ромки и гинеколозите како и нивно вклучување во Програмата на Министерството за здравство на РМ за рана детекција и превенција на репродуктивните болести кај жените. Дополнително, беше обезбедена вагинална и орална терапија за жените со дијагностицирани сексуално-преносливи инфекции, преку што индиректно се поттикнуваше и информираше машката популација за потребата од нивно вклучување и водење грижа за репродуктивното здравје на жената како проблематика на партнерите.

4. *Фонд за поддршка на Ромите без здравствено осигурување* преку кој на лицата без остварено право на здравствено осигурување им беа покриени трошоците за потребните здравствени услуги при влошување на нивната здравствена состојба, до моментот на остварување на правото.

5. *Организирање на акции за имунизација* при што нередовно вакцинираните ромски деца беа идентификувани на терен и во соработка со службата за вакцинација при Ј.З.У. Здравствен дом - Прилеп беа вакцинирани во Здравственото Советувалиште со цел зголемување на процентот на имунизирани ромски деца.

6. *Организирање на патронажни посети* со што се обезбеди навремено советување на мајките родилки за правилната грижа на нивните новороденчиња, како и приближување на патронажната служба од Ј.З.У. Здравствен дом – Прилеп до ромската заедница.

<u>* Застапување и лобирање</u>:

1. *Организирање на тркалезни маси* преку кои јавно се дискутираше и се застапуваше здравствената состојба на Ромите од општина Прилеп пред локалните институции и здравствените установи, со посебен акцент на состојбата на жената Ромка.

2. *Обезбедување на правна помош* во правец на остварување на правата од: здравствена заштита, здравствено осигурување, правото на недискриминација, како и воопшто остварување на основните човекови права. Во рамките на оваа активност, вадењето на лична документација беше паралелен процес со кој се обезбедуваа услови за спроведување на постапката за остварување на правата. Дополнително, беа детектирани прекршувања на здравствени права за кои беа поднесувани претставки до регионалната канцеларија на Народниот Правобранител како заштитен механизам на правата на граѓаните.

3. *Воведувањето на здравствен медијатор* односно лице од ромската заедница кое им помага на пациентите Роми во нивниот пристап до здравствени и социјални услуги и претставува врска помеѓу заедницата, институциите и Здравственото Советувалиште, а има и за задача да ја подобри довербата и комуникацијата помеѓу засегнатите страни.

4. *Лоби групата* претставуваше координативно тело од овластени претставници на сите локални институции и здравствени установи од општина Прилеп, кои активно беа вклучени во имплементација на предвидените активности на иницијативата, а во согласност со програмските активности на институцијата/ установата која ја претставуваат.

Во рамките на оваа инцијатива беше потпишан Меморандум за соработка и воспоставена официјална координација со следните локални институции и здравствени установи:

- Локална самоуправа – Прилеп
- Ј.З.У. Општа Болница "Борка Талески" – Прилеп
- Ј.У.М. Центар за социјални работи – Прилеп
- Центар за вработување – Прилеп
- Фонд за здравствено осигурување – подрачна служба Прилеп
- Ј.З.У. Здравствен дом - Прилеп
- Ј.З.У. Центар за јавно здравје – Прилеп.

Меморандумот за соработка ги имаше следните цели:

- подобрување на здравствената состојба на Ромите од општина Прилеп преку актуелизирање на препреките во пристапот до здравствениот систем,
- создавање услови за практична примена на Законот за здравствена заштита и здравствено осигурување, паралелно преку иницирање граѓански реакции и барања за еднаков третман и услуги врз основа на Законот за заштита на правата на пациентите,
- овозможување подобра едукација од областа на здравството во ромската заедница,
- развој и подигнување на степенот на соработка помеѓу релевантните институции и фактори адресирајќи го прашањето за имплементација на Националниот Акционен План за Здравство во рамките на Декадата за вклучување на Ромите 2005-2015.

Директната вклученост на локалните институции и установи во самата иницијатива овозможи воведување на механизми според кои се таргетираа здравствените проблеми на ромската заедница а во релација со детектираните пречки и потреби на заедницата утврдени преку секојдневната работа на здружението. Оваа соработка овозможи олеснување на пристапот до здравствените установи и приближување на здравствените услуги до ромската заедница и во исто време ја зајакна довербата помеѓу нив со цел остварување на здравствените права на Ромите од општина Прилеп.

Успешната реализација на предвидените активности од иницијативата во изминатите 3 години резултираше со подготовка на *Локален Акционен План за Здравјето на Ромите од општина Прилеп*, документ каде се сумирани сите утврдени пречки и потреби на ромската заедница од општина Прилеп и предложени активности за нивно надминување. Советот на општина Прилеп на ден 01.02.2011 година го усвои овој документ со што Локалната самоуправа - Прилеп ја презеде обврската за имплементација на локална јавна политика според која сеопфатно и концизно ќе биде таргетирана здравствената состојба на жителите Роми и ќе се овозможат услови за нивна подобра интеграција во општествените процеси.

Иницијативата е дел од заложбите за имплементација на Декадата за вклучување на Ромите 2005 – 2015 година, и поддршка на владините мерки за затворање на јазот што постои помеѓу ромската и не-ромската популација во Република Македонија.

3. Цел на документот

Врз основа на погоре споменатото, РОМА С.О.С. од Прилеп при имплементација на третото продолжение на иницијативата Здравствено Советувалиште имаше за цел *да создаде услови за отворање на Здравствено советувалиште во ромската заедница во општина Битола (како позитивен модел/пракса за локално подобрување на здравствениот статус на Ромите),* од причина што ромската заедница од општина Битола е четврта по бројност на ромско население во Македонија, а во изминатиот период не е покрената инцијатива со која се адресираат здравствените проблеми на оваа заедница.

За успешно реализирање на оваа цел, како и да се пренесе позитивното искуство од работата во општина Прилеп, РОМА С.О.С. склучи официјална соработка со Центар за Развој на Ромската Заедница "Баирска Светлина" – Битола која се јавува како соработник на оваа инцијатива.
Соработката се одвиваше преку реализација на процес на мапирање и анализа на состојбата, а резултираше со подготовка на овој документ кој ги дефинира потребите и ги рефлектира неопходните мерки за иницирање на здравствена иницијатива во општина Битола.

Мапирањето се спроведе преку:

- преглед на спроведени истражувања и податоци за ромското население од општина Битола;
- организирање индивидуални состаноци со локалните институции/установи за дефинирање на нивната заинтересираност и можност за соработка;
- организирање на две фокус групи со жителите на населба Баир за дефинирање на приоритетните здравствени проблеми со кои се соочува ромската заедница од населба Баир.

Оваа Проценка на потребите ќе послужи како основа за иницирање на активности во општина Битола со кои директно ќе се адресира и застапува здравствената состојба на ромската заедница при што како засегнати страни се следните:

* Локална самоуправа - Битола
* Ј.З.У. Центар за јавно здравје – Битола
* Ј.З.У. Здравствен дом – Битола
* Ј.З.У. Општа болница "Трифун Пановски" – Битола
* Ј.У.М. Центар за социјални работи – Битола
* Центар за вработување – Битола
* Фонд за здравствено осигурување – подрачна служба Битола
* Ц.Р.Р.З. Баирска Светлина – Битола
* Институт Отворено Општество – Будимпешта
* Ромска заедница од општина Битола.

II: МАПИРАЊЕ И АНАЛИЗА НА ЗДРАВСТВЕНАТА СОСТОЈБА НА РОМСКАТА ЗАЕДНИЦА ВО ОПШТИНА БИТОЛА

1. Опис на општина Битола и ромската населба

Градот Битола е административен, културен, економски, индустриски, образовен и научен центар кој се наоѓа во југозападниот дел на Република Македонија. Градот Битола е трет по големина во РМ според бројот на жители, а додека според територијалната површина е втор град по големина на национално ниво.

Табела бр.1: Табеларен приказ за процентуалната застапеност на населението во општина Битола [5]

Етнички групи	*%*	*Население*
Македонци	88,70	84 616
Албанци	4,36	4 164
Турци	1,68	1 610
Роми	2,74	2 613
Власи	1,33	1 270
Срби	0,56	541
Бошњаци	0,02	21
Останати	0,57	550
Вкупно	100	95 385

Населбата Баир е составен дел на градот Битола каде е сконцентриран највисок процент од ромската заедница што живее во овој град. Населбата е распространета на три рида кои всушност ги претставуваат трите дела на населбата Баир и тоа Смилевски Баир, Централен Баир и дивата населба Петочна вода.

[5] Официјална веб локација на Локалната самоуправа Битола: *www.bitola.gov.mk*

Во поглед на инфраструктурната изграденост на оваа населба може да се констатира следната состојба:

- 75% од улиците се асфалтирани;
- 25% (250 домаќинства) од населението немаат канализација и пристап до чиста вода за пиење;
- 25% (250 домаќинства) од населението немаат легален приклучок за електрична енергија;
- 60% од населението не плаќа сметки за електрична енергија.[6]

Бидејќи населбата Баир е распространета на околните ридови кои го опкружуваат градот Битола, направен е обид за изградба на канал за прифаќање на атмосферските води. Но, она што може да се забележи од сегашната состојба е тоа дека истиот канал е затрупан со отпад и не е функционален, поради што за време на обилни дождови се поплавуваат куќите на населението. Овој проблем уште повеќе се продлабочува со сечењето на дрвјата од шумите кои што се искористуваат за огрев во зимскиот период, што доведува до зголемен интензитет на ерозија на земјиштето.

Дополнително, 70% од куќите во населбата Баир се направени од цврста градба и задоволуваат одредени стандарди за живеење (има пристап до чиста вода за пиење, пристап до електрична енергија и поставена е канализациона мрежа), додека 30% од живеалиштата во населбата се без пристап до основните услови за живеење.[7]

Од друга страна, мора да се потенцира проблемот во импровизираниот дел наречен Петочна вода, каде околу 300 домаќинства (1 500 жители) живеат во субстандардни услови за живот, односно во куќи изградени од картон и ламарина покриени со најлон. Ова население ги нема основните услови за нормално живеење:

- пристап до чиста вода за пиење во доволни количини,
- фекална и атмосферска канализација,
- соодветен третман на отпадот кој овие домаќинства го создаваат,
- легален пристап до електрична енергија.

Приклучувањето на електричната енергија често пати е нелегално во овој дел, што предизвикува чести инциденти и несреќни случаи. Исто така чести се и несреќните случаи кои што се предизвикуваат од сообраќајни незгоди на регионалниот пат Прилеп – Ресен, поради тоа што овие домаќинства се лоцирани во непосредна близина на патот, а нивните деца го користат истиот како игралиште.

---

[6] *Акционен план за населба Баир 2004 година*
[7] *Акционен план за населба Баир 2004 година*

2. Состојбата на ромската заедница во општина Битола во однос на вработување, домување, образование и традиција

Поголем број од спроведените истражувања потенцираат дека најголем проблем со кој што Ромите се соочуваат и се повеќе го истакнуваат е невработеноста, а додека ниското ниво на образование и немањето соодветни квалификации го прават ромското население неконкурентно на пазарот на трудот. Како резултат на оваа состојба е тоа што населението се занимава со вршење на тешки физички работи и услужни дејности. Во последните десетина години, одреден процент од населението се занимава со трговија на текстил кој што го пласира на импровизирани тезги. Ваквата активност спаѓа во доменот на сивата економија која државата ја толерира бидејќи не може да обезбеди соодветно вработување за оваа популација.

Исто така, загрижувачки е фактот што голем процент од ромското население од општина Битола е под заштита на Центарот за социјални работи, односно 65% од Ромите се социјални случаи и примаат месечна социјална помош во висина од 1 700 до 2 500 денари.[8] Оваа година, според информациите од Центарот за социјални работи – Битола, на вкупно 200 корисници на социјална помош им е укинато правото поради утврдени приходи од извршена работа, од кои 90% се Роми.

Во поглед на здравствената заштита, во рамките на месната заедница Баир работи приватна амбуланта за општа медицина, во која најголем дел од населението ја остварува примарната здравствена заштита.

Децата од населбата Баир учат во основното училиште ”Ѓорѓи Сугарев” кое за дел од ромските деца е оддалечено и до два километри, што претставува основен проблем за нивното редовно присуство на настава, особено во есенскиот и зимскиот период.

Ниското ниво на образование и малиот процент на деца кои го завршуваат основното образование е главниот сегмент кој влијае на сите други области, а се однесува на лошата состојба на ромската заедница од општина Битола. Дополнително уште помал број се запишуваат во средно образование. Индивидуални и мошне ретки се случаите на Роми запишани на високо образование или пак припадници на ромска популација кои имаат завршено високо образование.

---

[8] *Акционен план за населба Баир 2004 година*

Во 2004 година, Ц.Р.Р.З "Баирска Светлина" - Битола направи анкета за проценка на заедницата во населбата Баир во која се констатираше дека во населбата постои основна писменост кај возрасните за читање и пишување. 15% од таа писменост се сведува на препознавање на буквите и пишување на основни кратки зборови и реченици, односно пишување на сопственото име и презиме. Тоа укажува на фактот дека е потребна настава која ќе послужи за описменување на возрасните лица од ромска националност.

Меѓутоа трендот на запишување на ромските деца во основно образование бележи одреден пораст во изминатите три години, а во паралела се намалува бројот на осипани ромски деца, што може да се забележи од приложената табела.

Број на ученици во О.О.У. Ѓорѓи Сугарев од 1-8 одделение [9]

	2007-2008 година	2008-2009 година	2009-2010 година
Вкупно деца	887	865	798
Запишани ромски деца	479	492	492
Осипани ромски деца	105	84	80

Сепак, истите податоци укажуваат на сè уште ниската вклученост на ромската заедница во образовниот процес од каде подоцна се генерираат препреките во останатите области, а неинформираноста задржува високо ниво помеѓу населението.

Ромите од општина Битола според културата и традицијата не се разликуваат од останатите ромски заедници во Македонија. Карактеристично за ромската популација од Битола е тоа што не го зборуваат ромскиот јазик, но според одредени мислења е утврдено дека постарите припадници на ромската заедница во минатото зборувале на ромски јазик.

Во основа, за Ромите од општина Битола се смета дека се мирољубив народ и не запаѓаат во конфликт. Во рамките на оваа заедница сè уште се присутни малолетничките бракови кои што придонесуваат за прерано осамостојување на младите Роми, а со тоа и неможност за соодветна интеграција и индивидуален развој.

Според својата вера, Ромите во Битола припаѓаат на двете најбројни светски монотеистички религии и тоа: христијанство (каде Ромите се помалку бројни) и исламот (каде припаѓа мнозинството од ромската популација).

[9] *О.О.У. Ѓорѓи Сугарев, Битола*

3. Здравствената состојба на ромското население во општина Битола според реализирани истражувања на локално и национално ниво

Нешто што остава особено голем и не така добар впечаток во однос на здравствената состојба на Ромите во општина Битола, е тоа што има малку истражувања или информации кои би можеле да послужат како извор на базични податоци за здравјето на оваа популација.

Имено, во 2004 година Ц.Р.Р.З. "Баирска Светлина" - Битола со помош на здружението "Биосфера" – Битола работеше на изработка на Акционен план во чија содржина има активности наменети за ромската заедница, а кои што ја опфаќаа и областа здравство. Но, поради недостатокот на материјални, финансиски и човечки ресурси, оваа област остана нереализирана.

Но, со цел да се покренат одредени прашања кои се во директна релација со здравствената состојба на ромската заедница од општина Битола, здружението "Биосфера" – Битола во партнерство со Ц.Р.Р.З. "Баирска Светлина" - Битола го иницираше проектот „АКТИВНИ ГРАЃАНИ ЗА ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА" финансиски поддржан од холандската фондација „СПОЛУ".

Она што е карактеристично за овој проект е избраната методологија за работа во оваа област и со оваа популација. Имено, "Биосфера" и "Баирска Светлина" во оваа иницијатива се појавуваат како тренинг организации на иницијативната група граѓани која што е директно засегната со проблемот на двете диви депонии на улицата „Љубојно" во населбата „Баир" во Битола.

Главната цел на проектот беше подигање на свесноста на граѓаните од ромска националност за лошите последици на здравјето од нечистата животна околина, како и креирање на активни граѓани во заедницата преку обука за пренесување на нивните знаења во практиката за решавање на проблемот со дивите депонии.

Сепак, она што може да се потенцира е загрижувачката состојба со јавното здравје на ромската заедница од општина Битола, особено во делот наречен "Петочна вода". Поради немањето основни услови за нормален живот, односно неправилниот третман на отпадот, немањето канализација и чиста вода за пиење, населението, а особено децата се изложени на сè почеста појава на заразни болести.

Според Заводот за епидемиологија во општина Битола во 2003 година евидентирани се околу 250 домаќинства каде по еден или повеќе членови од семејствата беа заразени од жолтица. Од вкупната бројка на заразени лица околу 200 биле деца со што дополнително овој проблем влегува во границите на алармантност и ургентност.

Во текот на 2006 и 2007 година во Република Македонија во градовите каде живее значителен број на ромско население, се реализирани голем број активности преземени од страна на Здравствените домови во општините, како и од страна на Центрите за јавно здравје. Еден од овие градови е и Битола, каде споменатите здравствени установи ги реализираа следните активности:

- годишни и периодични систематски прегледи во училишта во кои учат претежно ромски деца со цел утврдување на нивната здравствена состојба,
- откривање на заболувања и заразни болести,
- постојано испитување и следење на водата за пиење од градскиот водовод и локалните чешми во населбите населени со Роми,
- редовно мерење на загаденоста на воздухот,
- епидемиолошки увиди во сите домови на лицата каде се регистрирани заразни заболувања од жолтица,
- извршена дезинфекција на живеалиштата на семејствата чии членови беа заразени од жолтица и
- извршена дератизација на канализациски мрежи.[10]

Дополнително, во детските диспанзери беше зголемен опфатот на вакцинација и ревакцинација на децата Роми, што беше обезбедено со помош на: патронажните служби на здравствените установи; ангажирањето на локалните НВОи кои работат со ромската заедница; дисеминација на пропаганден материјал помеѓу населението; и информирање на населението преку медиумите.

Со овие активности се овозможи опфатеност на сите деца, без разлика на тоа дали истите имаат здравствени легитимации, здравствено осигурување или немаат регулирана лична документација.

Но, и покрај спроведените здравствени мерки, тимот кој што работеше на овие активности не дојде до квантитативни податоци за крајните корисници на овие здравствени услуги - децата.

Сепак, она што може генерално да се истакне е тоа дека целокупната здравствена состојба на децата до 18 години претставува грижа и обврска на нивните родители, кои што пак, поради потешкотиите со кои се соочуваат во потрагата за секојдневна егзистенција, не се во можност да посветат поголемо внимание и фокус кон психо-физичкиот развој на своите деца. Последицата од ваквата состојба е влошување на здравствената состојба на децата во семејствата, но и воопшто на секој член од семејството.

[10] А.И.Р. Месечина – Гостивар, *Ромите во хаос на регулација на здраствената политика во РМ*

Доколку сите овие податоци ги поврземе со недоволната вклученост на ромските деца во редовниот образовен процес, ќе констатираме дека недостасува систематско следење на здравјето на децата (вакцинации, системски прегледи), што придонесува кон исклучување на ромските деца од редовната превентивна програма, а подоцна се одразува директно врз нивното здравје.

Според анализираните спроведени истражувања и документи како причини кои придонесуваат за лошата здравствена состојба на ромската заедница во општина Битола се потенцирани следните:

* Според *МК декадна стража 2010,* ИНСОК:

- недоволното и неефикасно спроведување на активностите од Декадата за вклучување на Ромите во сферата на здравството,
- сложените административни постапки, како и неможноста за добивање здравствено осигурување независно од семејните односи и ослободувањето од различните трошоци за добивање здравствено осигурување,
- малиот процент на Роми вработени во здравствениот сектор.

* Според *Ромите во хаосот на регулација на здравствената политика,* А.И.Р. Месечина - Гостивар:

- нискиот степен на образование и големата стапка на невработеност, а со сето тоа и големата стапка на сиромаштија кај ова население,
- културата, историските навики, обичаите и стилот на живеење на ромското население,
- намалувањето на социјалната помош за невработените лица,
- честата емиграцијата на населението,
- бришењето на ромското население од евиденцијата на Агенцијата за вработување поради ненавременото пријавување, а со тоа и губење на правото на лекување и сините картони,
- постоењето на лица кои немаат никаква документација со која што можат да го докажат или потврдат својот идентитет, што дополнително претставува причина за немање право на здравствено осигурување,
- родителите кои поради потешкотиите во потрага за секојдневна егзистенција не се во можност да обрнат поголемо внимание на психо-физичкиот развој на своите деца, што подоцна резултира со влошување на нивната здравствена состојба,
- недоволната вклученост на ромските деца во редовниот образовен процес, а со тоа немање можност за системско следење на нивното здравје (вакцинации, систематски прегледи) и исклучување на ромските деца од редовната превентивна програма.

* Според *Акциониот План за населба Баир 2004:*

- неможноста за урбанизација на Петочна Вода како дел од населба „Баир“,
- мошне лошата социо-економска состојба во која се наоѓа населението,
- пасивноста и незнаењето на зедницата за решавање на сопствените проблеми преку институциите на системот,
- недоволната ангажираност на институциите за решавање на проблемите на ромската заедница,
- немањето механизам за работа на волонтери за континуирана здравствена едукација.

* Според *Стратегијата за Ромите од општина Битола за 2006 – 2010:*

- непристапноста до здравствените институции и големата територијална оддалеченост на истите од населбите каде е сконцентрирано ромското население,
- дискриминацијата од страна на здравствениот персонал,
- недостатокот на информации кај ромското население за начините и можностите за остварување на правата од здравствената заштита и социјалната заштита,
- финансиската немоќ за плаќање на прегледите и купување на лековите кај ромското население ја прави нивната ситуација уште потешка,
- непознавањето на културата и традицијата ја отежнува комуникацијата помеѓу здравствените работници и Ромите како пациенти.

3.1. Здравствената состојба на жените Ромки во општина Битола

Расположливите податоци кои говорат за здравствениот статус на жените Ромки произлегуваат од реализираната програма "Јакнење на гласот на Ромите" имплементирана во периодот 2006 – 2009 година, со финансиска поддршка од Холандската фондација "СПОЛУ", за чија што реализација беше одговорна Ц.Р.Р.З. "Баирска Светлина"- Битола.

Во склоп на активностите од оваа програма беше формирана иницијативна група на жени кои што имплементираа активности за интеграција на жената Ромка во општествените процеси.

Во рамките на програмата беа реализирани предавања, работилници и дебати, кои што имаа за цел подигање на свесноста на жената Ромка во поглед на преземање конкретни мерки за грижата за сопственото здравје. Преку овие активности се вршеше здравствена едукација на жените Ромки, со посебен акцент на грижата за репродуктивното здравје и опасноста од сексуално преносливите инфекции.

Преку сите овие спроведени активности она што беше забележано и евидентирано е дека жените Ромки - учеснички на предавањата/работилниците/дебатите:

- немаат редовни гинеколошки прегледи,
- немаат матичен гинеколог,
- не се информирани за здравствените програми кои ги спроведува државата.

Споменатите активности беа спроведени во директна соработка и со претставници на грчката невладина организација "Хеленик", кои што исто така во својата програма имаа предвидено активности поврзани со здравствената заштита, чиј што генерален фокус беше раното откривање на ракот на дојка.

Со цел да се утврди кај колку од жените Ромки постои ризик за некакво заболување на дојката, дополнително беше спроведено анкетирање со кое беа опфатени 30 жени Ромки. Резултатите од анкетата говорат за фактот дека од вкупно 30 анкетирани жени Ромки дури кај 8 од нив беа идентификувани знаци на одредено заболување и промени на дојка. На тие жени Ромки, преку соработката со грчката организација "Хеленик" им беа направени бесплатни систематски прегледи, вклучувајќи и мамографски снимки.

Преку проектот „Социјално вклучување на Ромите преку обезбедување на лична документација“ имплементиран од УНХЦР, ИЦГО и ЕК во кој што се обезбедуваше лична документација за лица родени во домашни услови или неевидентирани во матичната книга на родени, кај 90% од случаевите, лицата не знаеле дека прегледите кај матичен гинеколог се бесплатни.

Од сите овие добиени податоци, може да се констатира дека немањето на соодветен пристап до информации како и непостојаната грижа на жената Ромка за сопственото здравје претставува основен фактор за загрозување на нивната репродуктивна улога, што од друга страна значително и специфично влијае на општата здравствена состојба.

III: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ СТАВОВИ ПО ОДНОС НА ЗДРАВСТВЕНИОТ СТАТУС НА РОМСКАТА ЗАЕДНИЦА ОД ОПШТИНА БИТОЛА

1. Опфатени институции со мапирањето и нивно поле на дејствување

За да може да се согледаат:

* кои се проблемите со кои се соочиле исниституциите/установите во работата со ромската заедница,
* кои мерки ги имаат преземено локалните институции во насока на решавање на одредени здравствени проблеми,
* нивото на заинтересираност кај институциите за потенцијална соработка со ромски граѓански организации и преземање конкретни мерки и активности во правец на подобрување на општиот здравствен статус на ромската заедница,

за потребите на овој документ РОМА С.О.С. од Прилеп оствари средби со следните локални институции и установи од општина Битола:

- Јавна Установа Меѓуопштински Центар за социјална работа - Битола, кој работи на остварување на правата на граѓаните од социјална заштита,
- Јавна Здравствена Установа Клиничка болница "Трифун Пановски" – Битола, во чии генерални рамки на делување е остварувањето на правата од секундарна и терциерна здравствена заштита,
- Центар за вработување – Битола, чија што работа е фокусирана кон водење на детална евиденција на лицата со статус на невработени, а истото претставува основен услов за остварување на правото на здравствено осигурување на невработените лица,
- Јавна Здравствена Установа Здравствен дом – Битола, во чии рамки функционира патронажната служба и службата за вакцинација,
- Фонд за здравствено осигурување – подрачна единица Битола, кој ги спроведува процедурите за остварување на правата од здравствена заштита и здравствено осигурување,
- Јавна Здравствена Установа Центар за јавно здравје – Битола, кој работи на полето на спроведување специјалистичка превентивна здравствена заштита,
- Локална Самоуправа – Битола, која што презема и реализира активности во насока на подобрување на сите сегменти од локалниот општествен живот.

2. Искуство на институциите/установите со ромската заедница во општина Битола и препораки за подобрување на состојбата

Во продолжение на овој документ можат да се согледаат пооделните ставови на локалните институции и установи од општина Битола во однос на искуството кое што го имаат во работата со ромската заедница од општината, како и препорачаните основни мерки и активности кои би требало да се преземат за решавање на многубројните проблеми и потреби со кои се соочува ромската заедница:

*** Ј.У.М. Центар за социјална работа – Битола:**

Статистичките податоци со кои располага Ј.У.М. Центар за социјална работа – Битола ја даваат генералната слика за ромското население. Имено, според тие податоци најголем процент од корисниците на социјална помош се припадници на ромска популација, а исто така Ромите преставуваат висок процент од корисниците на постојана парична помош, меѓу кои најзастапени се самохраните мајки и лицата со телесен инвалидитет.

Како приоритетни проблеми со кои се соочува Центарот во својата работа со припадниците на ромската заедница се зголемениот обем на питачење, како и имиграцијата во европските држави со воведувањето на безвизниот режим.

Според директорката на Центарот, питачењето е појава со која се злоупотребува детскиот труд, при што децата се исклучуваат од образовниот систем и индиректно се исклучуваат од редовните систематски прегледи и задолжителната имунизација. Додека имиграцијата придонесува за ненавремено пријавување на корисниците во Центарот, а со тоа и губење на правото на социјална помош, што за некои семејства претставува и основен приход.

Соработката со локалните ромски организации, меѓу кои Ц.Р.Р.З. "Баирска Светлина" беше потенцирана како најактивна, и флексибилноста на службените лица на Центарот претставуваат механизми преку кои се справуваат со проблемите на корисниците при остварување на правата од социјална заштита.

Препораки кои беа посочени во правец на подобрување на општата, социјалната и здравствената состојба на ромската заедница се:

- подигање на нивото на информираност на заедницата за постоењето на Центар за деца од улица каде можат да се згрижуваат децата и да се следи нивната здравствена состојба,
- вклучување на МВР, институциите и локални граѓански организации во искоренувањето на питачењето,
- емиграционото одделение од Битола да издава листи на лица кои имигрирале со цел да не им се прекине социјалната помош и родителскиот додаток,
- социјалната помош како додаток да се пренасочи во Центарот за вработување со цел да се стимулираат луѓето навремено да се пријавуваат, што ќе биде услов за добивање на паричен надоместок,
- РИЦ како проект на МТСП да им помага на необразованите лица при комплетирање на потребната документација за остварување на правата.

*** Ј.З.У. Клиничка болница "Трифун Пановски" – Битола:**

Оваа здравствена установа истакна дека проблемите кои се појавуваат од страна на пациентите Роми се евидентираат и решаваат исклучиво преку 4-те социјални работници од установата кои работат на различни полиња од здравствената заштита.

Основни проблеми кои се евидентирани од социјалните работници во работата со пациентите Роми се некомплетна документација при барање на здравствена услуга, неостварено право на здравствено осигурување и немање финансиски средства да ги покријат трошоците за извршените здравствени услуги.

Во склоп на работните обврски и задачи кои што ги извршува болницата, а кои на одреден начин се поврзани со проблемите на ромската заедница, е спроведувањето на бесплатните услуги во рамките на програмите на Министерството за здравство.
Но, болницата во реализацијата на овие програми наидува на сериозен проблем. Имено, Министерството за здравство не одделува и не префрла пари за извршените прегледи при вклучување на здравствено неосигураните пациенти во Програмите, поради што од пациентите дополнително се бара да приложат соодветна документација како доказ дека имаат остварено право на здравствено осигурување или се бара да ги покријат трошоците во износ на целосната сума за извршената услуга.

До сега, болницата нема остварено конкретна соработка со одредена ромска граѓанска организација, но во однос на ова прашање, а со цел подобрување на здравствената состојба на ромската заедница, установата изрази особен интерес за воспоставување на таква релација во иднина.

Препораки кои беа посочени во правец на подобрување на општата и здравствената состојба на ромската заедница се:

- локалните граѓански организации да обезбедуваат парични средства од донатори и министерства за да се иницираат активности преку кои ќе им се помага на Ромите и ќе се поврзуваат со институциите и програмите,
- во актуелизирањето на состојбата на заедницата активно да се вклучат медиумите,
- матичните лекари повеќе да ги информираат своите пациенти за нивните права и одговорности како пациенти,
- да се врши едукација од страна на службени лица и претставници на ромски граѓански организации во правец на промоција и остварување на правата од здравствена заштита, со посебен фокус кон правото на здравствено осигурување и комплетирање на документацијата.

Ј.З.У. Клиничка болница "Трифун Пановски" – Битола има остварено добра соработка со Ј.У.М. Центар за социјална работа – Битола, што претставува еден од начините за координација и решавање на одредени здравствени проблеми со кои се соочува ромската заедница во Битола.

*** Центар за вработување – Битола:**

Приоритетните проблеми кои ги истакна оваа институција, а се однесуваат на лошата состојба на ромската заедница во општина Битола, се: исселувањето на населението и постојаната промена на местото на живеење што влијае за ненавремено пријавување на невработените лица во Центарот за вработување, а кое доведува до бришење од евиденцијата на невработени лица и истовремено губење на правото на здравствено осигурување.

Ставот кој што го има Центарот за вработување – Битола кон оваа етничка заедница (а кој што е добиен како резултат од големиот број на спроведени акции за вработување од страна на Центарот наменети за припадниците на ромската заедница) е дека ромското население полека "се разбудува" и влегува во општествените интегративни процеси.

Препораки кои беа посочени во правец на подобрување на општата состојба на ромската заедница се:

- Ц.Р.Р.З. "Баирска Светлина" – Битола како единствена ромска невладина организација да се вклучи во процесот на вклучување на Ромите во бесплатните курсеви за едукација на Центарот,
- подигање на нивото на информираност на заедницата од сите сфери на општествените процеси,
- вклучување на медиумите во презентацијата на секоја активност која што ќе се презема од страна на локалните институции,
- да се влијае за подигање на нивото на информираност кај ромската заедница за состојбата на жената Ромка како ранлива група,
- да се работи на надминување на стереотипите и предрасудите од страна на ромската заедница кон другите етнички заедници со цел да се овозможи подобра комуникација при решавање на нивните проблеми.

*** Ј.З.У. Здравствен дом – Битола:**

Оваа установа има остварено неформална соработка со Ц.Р.Р.З. "Баирска Светлина" – Битола, како локална граѓанска организација која што е лоцирана директно во населба Баир. Соработката се однесува на нудење логистичка поддршка при обезбедување на просторија каде се лоцира Службата за вакцинација при спроведување на теренски активности со цел имунизација на нередовно вакцинираните ромски деца.

Процентуално, успешноста на имунизацијата во ромската заедница во Битола, како основен фактор за добра здравствена состојба на ромските деца, достигнува дури и до 95% - според Службата за вакцинација од оваа установа. Тоа претставува доста позитивен резултат кој што се постигнува преку вклучување на курир - лице од ромска националност како член на Службата за вакцинација (волонтер во установата веќе 2 години, чија задача е навремено информирање и доставување на покани до ромските семејства чии деца треба да се вакцинираат). Дополнително мора да се потенцира помошта од страна на патронажната служба при Здравствен дом - Битола која се остварува преку нејзино активно вклучување во следењето на календарите за имунизација на ромските деца и нивно пријавување до службата за вакцинација во случаи кога семејствата нема да се јават навреме за вакцинација на своите деца. Следењето, односно пријавувањето на нередовно вакцинираните ромски деца се одвива континуирано преку пополнување на работен налог од страна на патронажните сестри кои го посетиле семејството. Паралелно при спроведување на вонредни акции за имунизација на ромските деца, патронажните сестри учествуваат во теренската мобилизација на ромските семејства.

Она што беше посебно потенцирано од Ј.З.У. Здравствен дом – Битола е потребата од технички и хигиенски опремена просторија во населбата Баир каде би се спроведувале Акциите за имунизација како и едукативните средби за информирање на населението во однос на превентивната здравствена заштита кои ги спроведува Ј.З.У. Центар за јавно здравје – Битола во меѓусебна соработка.

Препораки кои беа посочени во правец на подобрување на општата и здравствената состојба на ромската заедница се:

- да се оствари добра соработка со ромски невладини организации за подобрување на здравствената состојба на Ромите, а со тоа да се влијае кон зголемување на опфатот на ромските деца со вакцинација,
- да не се делат луѓето по етничка припадност,
- вклучување на здравствен медијатор со цел детектирање на ромските деца родени во домашни услови и неевидентирани во матична служба на родените, како и при реализација на теренски активности од страна на здравствените установи,
- обезбедување на соодветна опрема и соодветна просторија во ромската населба Баир за организирање на активности од страна на здравствените установи,
- обезбедување на технички опремени возила со кои ќе се овозможи достапност на Службата за вакцинација до непристапните места од населба Баир,
- подобрување на меѓусебната соработка на сите локални институции.

*** Фонд за здравствено осигурување – подрачна едниница Битола:**

Познавајќи ја проблематиката со која се соочува ромската заедница во општина Битола, оваа институција посочи дека постојат реални потреби за остварување на конкретна и официјална соработка со локална ромска организација од причина што немаат такво искуство во досегашната работа, а би бил позитивен механизам при решавање на проблемите кои ги има ромската заедница во процедурите за остварување на правата од здравствена заштита, а особено при остварување на правото на здравствено осигурување.

Како основен идентификуван проблем со кој што се соочува подрачната единица на Фондот за здравствено осигурување во Битола во работата со ромското население, во најголем број од случаите, е несоодветната комуникација на населението со службениците во постапката за остварување на одредено право. Она што дополнително го продлабочува проблемот е нискиот степен на образование воопшто на целата ромска заедница од Битола односно недостигот на информации за процедурите кои се пропишани за остварување на одредено право.

Препораки кои беа посочени во правец на подобрување на општата состојба на ромската заедница се:

- локалните граѓански организации кои работат со ромската заедница да преземат активности и мерки со кои ќе им се помага на лицата при пополнување на документација, како и ќе помогнат во комуникацијата помеѓу ромското население и службените лица,
- подигање на нивото на едукација на заедницата при остварување на правата од здравствената заштита и притоа да се обрне повеќе внимание на измените и дополнувањата на Законот за здравствено осигурување.

*** Центар за јавно здравје – Битола:**

Оваа установа потенцираше дека од особено голема важност за ромската заедница, како и за работата на самата установа, е воспоставената неофицијална соработка со локалната ромска организација "Баирска Светлина"- Битола. Преку таа соработка се реализирани низа едукативни работилници со кои е подигната општата информираност кај населението на теми кои се директно поврзани со нивната здравствена состојба и тоа:

- Сексуално преносливи инфекции,
- Откривање на малигни заболувања на дојка,
- Важноста за вклучување на ромските деца во процесот на имунизација,
- Причини за појавата на заразни болести,
- Како да се води основна грижа за сопственото здравје и навремено идентификување на здравствените проблеми (здрави животни стилови),
- Опасноста и последиците од користењето на дрога,
- Бременост и репродуктивно здравје и др.

Со овие податоци установата ја потенцираше потребата од продолжување и формализирање на соработката со ромските организации преку која би се влијаело на подобрување на здравствениот статус кај ромското население.

Најголемиот проблем, со кој се има соочено установата при работата со ромското население, е појавата на лица зависници од дрога кај кои е идентификувана појава на одредени заразни заболувања од типот Хепатит Ц и Хепатит Б, како и можна појава на ХИВ позитивни лица.

Препораки кои беа посочени во правец на подобрување на општата состојба на ромската заедница се:

- да се зголеми едукацијата и информираноста кај ромското население со податоци од одредени здравствени области, вклучувајќи ја и опасноста од злоупотребата на дроги,
- да се зајакне и официјализира соработка со локални граѓански организации, која ќе придонесе за решавање на одредени здравствени проблеми кај ромската заедница.

*** Локална самоуправа – Битола:**

Оваа институција има ставено посебен фокус кон општата состојба на ромската заедница во општина Битола, што се должи на фактот што во Локална самоуправа – Битола има донесено Стратегија за развој на ромската заедница во 2006 година, за чија што имплементација е донесен и Акционен план. Акциониот план е ревидиран во 2009 година и во него е вклучена областа здравство, како една од најбитните области според Стратегијата за вклучување на Ромите.

Локалната самоуправа – Битола во однос на подобрувањето на состојбата на ромската заедница во иднина понуди поддршка на иницијативата на РОМА С.О.С. – Прилеп за отворање на Здравствено Советувалиште во општина Битола со цел подобрување на здравствената состојба на ромската заедница од Битола.

Препораки кои беа посочени во правец на подобрување на општата состојба на ромската заедница се:

- вклучување на невладиниот сектор во имплементацијата на донесениот Акционен план и Стратегија за развој на Ромската заедница во општина Битола со што дирекно би се влијаело кон подобрување на состојбата на ромската заедница во Битола.

IV: КВАЛИТАТИВНА АНАЛИЗА НА РЕАЛИЗИРАНИТЕ ФОКУС ГРУПИ СО ЖИТЕЛИТЕ ОД РОМСКАТА НАСЕЛБА БАИР

1. Методолошки пристап при организирање на фокус групите

Со оглед на потребата да се конкретизираат неопходните мерки според кои може да се понуди директна асистенција на ромската заедница и притоа да се постигне бенефит во однос на здравствената состојба, како последен чекор од Мапирањето беа организирани две фокус групи.

Фокус групите беа организирани со жителите на населба Баир од кои што првата беше со жителите од женската популација, а втората фокус група со жителите од машка популација. Половата поделба на учесниците беше со цел да се забележат родовите разлики во заедницата и степенот на информираност и одговорност кон здравствената состојба на поединецот/семејството.Дополнително, половата поделба имаше за цел да овозможи слободно изразување на учесниците во однос на проблемите поврзани со репродуктивното здравје, како тема за која Ромите сè уште не се чувствуваат слободни да дискутираат пред спротивниот пол.

При изборот на учесниците беа земени предвид возрасната структура како и образовниот и економски статус, што може да се види од приложениот табеларен приказ.

Фокус група 1 (жени Ромки од населба Баир)

ВОЗРАСТ	ОБРАЗОВАНИЕ				ЕКОНОМСКИ СТАТУС			ПРИСУТНИ
	без образование	основно образование	ССС	ВСС	вработен	невработен	социјален случај	
од 15 до 30 год	3	/	/	1	/	2	2	**4**
од 31 до 50 год	3	2	/	/	/	3	2	**5**
над 51 година	4	1	/	/	/	2	3	**5**
ВКУПНО	**10**	**3**	/	**1**	/	**7**	**7**	14

Фокус група 2 (мажи Роми од населба Баир)

ВОЗРАСТ	ОБРАЗОВАНИЕ				ЕКОНОМСКИ СТАТУС			ПРИСУТНИ
	без образование	основно образование	ССС	ВСС	вработен	невработен	социјален случај	
од 15 до 30 год	1	3	5	/	/	9	/	9
од 31 до 50 год	1	2	1	/	/	4	/	4
над 51 година	/	1	1	/	1	1	/	2
ВКУПНО	2	6	7	/	1	14	/	15

Анализирањето на проблемите во пристапот на ромската заедница до институциите и здравствените установи, како и дефинирањето на приоритетните здравствени проблеми со кои се соочува заедницата, беа главните и суштински цели во текот на дискусиите.

2. Приоритетните проблеми со кои се соочува ромската заедница од населба Баир

Добиените податоци и информации при реализација на двете фокус групи кореспондираат со најголемиот број проблеми и препреки дефинирани со претходни истражувања во однос на здравствената состојба на ромската заедница.

Искажаните проблеми се групирани во следните точки:

- несоодветна комуникација на заедницата со медицинскиот персонал во здравствените установи и неразбирање на нивниот јазик на изразување (најчесто во однос на стручната и процедуралната терминологија),
- нееднаков третман на Ромите од страна на здравствениот персонал,
- недостиг на лекари и амбуланти во ромската заедница Баир,
- мал број на лекари кои покажуваат разбирање кон однесувањето на Ромите,
- укинување на социјалната помош поради остварување на одредени приходи во претходната година врз основа на извршена сезонска работа,
- недоделување на еднократна парична помош од страна на Центарот за социјална работа врз основа на направени трошоци за лекување,
- неосновано наплаќање на здравствените услуги од страна на лекарите, конкретно од страна на матичните гинеколози и стоматолози, со истовремено задржување на сино картонче,

- немање соработка помеѓу социјалните работници и ромската заедница,
- постоење на лица од ромска националност кои немаат матичен лекар,
- недостаток на комплетна лична документација,
- несоодветно третирање на отпадот.

Но, она што е извлечено како битен податок од реализираните фокус групи е дека погоре споменатите проблеми се најчест случај кај жените Ромки, што се должи на нискиот степен на образование и недостатокот на основни информации за постапката при остварување на одредени права.

Имено, машката популација се истакна во знаењето да побара и изврши промена на матичен лекар како и да ја пополни неопходната документација, а додека жените сè почесто имаат потреба од асистенција и се изложени на потешкотии во решавањето на нивните здравствени проблеми.

".....отпусната листа не ми е земена затоа што ми е многу пари. кажете ми каде да се обратам?....." (жена Ромка од фокус група 1)

".....ако сакаш да се одјавиш од матичен лекар, одиш во фондот потполнуваш едни формулари и со нив одиш кај другиот лекар кој што сакаш да ти биде матичен....." (маж Ром од фокус група 2)

Потенцирани беа ситуациите кога во итни случаеви, доколку лицето не е во можност финансиски да ги покрие трошоците за услугата, лекарите избегнуваат да излезат во пресрет на пациентот Ром, како и брзата помош која не одговара на барањата на Ромите при пријавување на итен случај.

".....за кај нас на улица викаме брза помош и им кажуваме дека ни треба итна помош и не иди, нема шанса да дојде сега ни кажуваат зафатени се возилата, а слегувам надолу и ја гледам колата од брза помош паркирана....."(маж Ром од фокус група 2)

Од друга страна, дел од заедницата проблемот го гледаат во самите себе, затоа што често пати Ромите не ги исполнуваат обврските како пациенти, па затоа како последица се јавува фактуриран долг на пациентот врз основа на недостаток на одредени документи кој што требало да ги достави пациентот по завршената лекарска интервенција или болничко лекување.

"…..има случаеви кои што имаат фактура со неплатен долг кон болницата во износ од 100 000 денари. Тоа е така затоа што пациентот кој е примен на болница како хитен случај и немал комплетна документација при приемот, по извршената интервенција тој е неодговорен и не го однесол потребниот документ навреме и долгот е пресметан на приватно….." (маж Ром од фокус група 2)

Редовните гинеколошки прегледи претставуваат специфичен проблем на жените Ромки кои не се во можност да се евидентираат кај матичен гинеколог поради недостигот на матични гинеколози на локално ниво, како и незаинтересираноста на матичните гинеколози да ги регистрираат жените Ромки како свои пациенти. Од друга страна, оние жени кои имаат матичен гинеколог изјавија дека при гинеколошки преглед услугата се наплаќа по различни цени кај различен гинеколог, иако дополнително се задржува сино картонче како доказ за остварено право на здравствено осигурување.

"….Немам евидентирано матичен гинеколог од пред 7 години, сега немам никаков……" (жена Ромка од фокус група 1)

"….гинекологот ми зема по 300 денари секогаш кога ќе појдам на преглед. Во книшката имам печат дека ми е матичен гинеколог, а и ми зема и плаво картонче. Како можи да вика дека не ми е матичен гинеколог?.."(жена Ромка од фокус група 1)

Несоодветното третирање на отпадот од страна на самите домаќинства како и непристапноста на службените возила на јавното комунално претпријатие до домовите на жителите од Петочна вода, придонесува за појава на депонии во близина на населбата, што ја прави животната околина нечиста и индиректно влијае на здравствената состојба на заедницата, особено на децата кои поминуваат добар дел од денот во игра на самите депонии.

"…..депонии има и овде да излезеш и да видиш, јавното претпријатие врви и го собира ѓубрето, можеби е до совеста на граѓаните. Ама нагоре кај што живееме ние немаме контејнери, не идат камионите оти патот не е тампониран, и ѓубрето го носиме до контејнерите кои се многу далеку од кај што живееме….." (маж Ром од фокус група 2).

3. Најчести здравствени проблеми на ромската заедница од општина Битола

Ако ги сублимираме податоците кои говорат за тоа кои здравствени проблеми ги има ромската заедница од општина Битола, ќе видиме дека сепак женската популација е таа која што е позагрозена.
Најчестите проблеми од кои страдаат жените Ромки се проблемите со: нерви, чести главоболки, срцеви заболувања, спондилоза, гинеколошки проблеми/инфекции, покачен крвен притисок и проблеми со желудникот; а додека срцевите заболувања и физичките повреди поради тешки физички работи се карактеристични за машката ромска популација од општина Битола.

".....и јас сум болна од се: ми се треси снагата, главоболки имам, притисок имам, желудецот ме боли, плеќите ме болат, спондилоза имам....." (жена Ромка од фокус група 1)

".....болен сум од срце и од кичма оперирaн....." (маж Ром од фокус група 2)

Во однос на здравствената состојба на децата од ромска националност, присутните од фокус групите истакнаа дека немаат проблем со вршењето на здравствени прегледи на децата од страна на матичните педијатри, но како најчести здравствени проблеми кој што се појавуваат кај нив се: болки во грло, настинки, бронхит и бронхитис, ортопедски проблеми и потребата на децата да носат ортопедски помагала. Во позагрозените места населени со ромска популација, а посебно во делот наречен Петочна вода, почести се и појавите на заразни заболувања кај децата, алергиите и инфекциите, кои како последица се појавуваат од нечистата животна средина.

Но, сепак како најосновен проблем кој што дирекно се поврзува со здравствената состојба на ромската популација, присутните на фокус групите ја посочија неисхранетоста на заедницата и склоноста на Ромите да купуваат храна која што е со краток рок на употреба и недоволно свежа, што се должи на лошиот економски статус воопшто на целата заедница.

".....ќе појдиш до продавница или до пазар и ќе купиш некоја храна поефтина и таа е половина расипана, јас ако имам пари ќе купам нешто подобро и ќе бидам сигурен дека е добра храната....." (маж Ром од фокус група 2)

4. Потребите на ромската заедница од областа на здравствствената заштита

Со цел да се подобри лошата состојба на ромската заедница од општина Битола и како ранлива категорија на граѓани да се вклучи во најосновните општествени процеси потребно е да се реализираат низа активности и механизми за да се постигне одредена промена.

Како најзначајни можности кои се потребни да се преземат, присутните на фокус групите ги препорачаа следните:

- организирање на бесплатни гинеколошки прегледи и бесплатни општи прегледи (проверка на крвна слика, урина, шеќер во крвта, мерење притисок и т.н.)

  ".....ни требаат бесплатни општи прегледи и прегледи кај матичен гинеколог затоа што земаме многу мала социјална помош..." (жена Ромка од фокус група 1)

- лобирање до министерствата со цел социјалните корисници да се ослободат од плаќање на одредени лекарски прегледи и медицински услуги

  "...да се донеси закон или некое право за ние што сме социјално згрижени да ни се овозможи бесплатно целосно снимање, барем еднаш....." (жена Ромка од фокус група 1)

- основање на одредена организација или човек/лице кој што ќе им помага и ќе го олеснува пристапот на Ромите до здравствените установи, како и да ја информира заедницата за измените на законите

  ".....да има некој кој ќе не информира за тоа како да си го оствариме нашето право или пак каде треба да се обратиме....." (маж Ром од фокус група 2)

- покренување на инцијатива за отворање на гинеколошка ординација и аптека во заедницата за поголема достапност на услугите кои ги нудат

  ".....големо население сме, дали можи ние тука да добиеме еден матичен гинеколог, да добиеме една аптека....." (жена Ромка од фокус група 1)

- организирање на едукативни работилници во заедницата од страна на гинеколози за информирање на жените Ромки и нудење на логистичка помош за проблемите кои што ги имаат во однос на репродуктивното здравје

  ".....нека дојди некој гинеколог и нека одржи некое предавање, нека си ги кажат жените пробемите и да видиме зошто земаат и плаво картонче и наплаќаат....." (жена Ромка од фокус група 1)

- уредување на канализацијата, водоводната мрежа како и третирањето и отстранувањето на отпадот

  ".....да се средат патиштата, па потоа службата да може да го собира ѓубрето, но и народот да биде свесен дека не треба да фрла ѓубре во населбата....." (маж Ром од фокус група 2)

- лобирање до Министерството за труд и социјална политика за зголемување на износот на социјалната помош како основен приход на најголем број од ромските семејства

  ".....нека ја средат барем социјалната помош и повисока нека ја направат, со 2000 денари треба и здравство да платиш и болница да платиш и лекарства да купиш, не дај боже ако боледуваш од други потешки заболувања....." (маж Ром од фокус група 2).

V: ЗАКЛУЧОЦИ

Мапирањето уште еднаш ја оправдува поставената цел на иницијативата Здравствено Советувалиште со која се очекуваше да се утврди потребата од иницирање на здравствена инцијатива во населбата Баир.
Имено, преку овој документ јасно се утврдени барањата и потребите на локалните институции и населението кои во паралела се поврзуваат и алудираат главно на една генерална потреба – Постоење на центар кој ќе ги канализира препреките низ институционалните процедури и ќе ја фасцилитира меѓусебната комуникација (Здравствено Советувалиште).

Спроведените истражувања и податоци за оваа заедница, иако се од поодминато време, сè уште и денес ја потврдуваат здравствената состојба на Ромите од општина Битола како загрижувачка и непроменета поради недоволно преземени конкретни активности на локално ниво.
Недостигот на капацитет на локална ромска организација фокусирана кон застапување на здравствените права и проблеми на Ромите дополнително влијае на неможноста за подобрување на пристапот на ромската заедница до институциите/установите, како и на пристапот и вниманието на институциите/установите кон проблемите на оваа заедница.
Ц.Р.Р.З. "Баирска Светлина" како единствена активна ромска организација во оваа населба се обидува да излезе во пресрет на потребите и проблемите на ромската заедница, но поради немањето фокус на работата односно долгорочна иницијатива како и конкретна одржлива донаторска поддршка, нивните активности не се доволно втемелени и насочени кон постигнување на конкретни цели. Тоа влијае на соработката со локалните институции, а од тука и на можноста да ги застапуваат проблемите на ромското население.

Локалните институции и здравствени установи ја препознаваат потребата од преземање конкретни и специфични активности кон ромската заедница со цел нејзино целосно интегрирање и вклучување во здравствениот систем, а секако постои и заинтересираност за нивно вклучување во граѓански иницијативи фокусирани на здравствените проблеми на Ромите.

Од реализираните средби, јасно беше дефинирана институционалната активност кон ромската заедница, иако во најголем дел сè уште е нецелосна и бара дополнителни напори со кои ќе се таргетираат здравствените проблеми на ромската заедница. Сепак, големо влијание врз институционалната активност има централизираноста на здравствениот сектор кој сè уште е под ингеренции на Министерството за здравство, а со тоа и нивната неможност за преземање активности и постапки по ова прашање.

Населението, поради нискиот степен на информираност и едукација, не успева да оствари соодветна комуникација со здравствените работници и службеници, а со тоа е во неможност да ги оствари своите права како и да ја подобри својата здравствена состојба; ова особено се забележува помеѓу женската популација. Истовремено, сиромаштијата и лошите услови за живеење драстично влијаат на грижата за сопствените здравствени проблеми и генерираат појава на девијантни однесувања како што се питачењето, наркоманијата и слично.
Потребата од здравствена едукација и асистенција при остварување на здравствените права е евидентна од дискусиите, а и утврдена како потреба од самите жители на оваа четврта по големина ромска заедница во Република Македонија.

VI: ПРЕПОРАКИ И ГЛАВЕН ФОКУС ЗА РАБОТА ВО ИДНИНА

Анализата на спроведените активности за подготовка на овој документ ја потенцира потребата од мултидисциплинарен пристап кон здравјето на Ромите со оглед на големиот број директни и индиректни фактори кои влијаат на здравствената состојба на заедницата.

Препораките се однесуваат на преземање активности од страна на засегнатите страни кои може да се разгледуваат на две нивоа:

- институционално ниво,

- граѓански сектор и заедница,

додека аспектот на одговорност и вклученост е врз основа на можностите, надлежностите и условите за нивна реализација.

Препораките произлегуваат од самите потреби дефинирани преку целиот процес:

- уредување на инфраструктурата на населбата Баир, а особено во делот Печочна вода, со цел да се обезбедат основните услови за нормално живеење на ромската заедница,
- намалување на стапката на невработеност со цел да се намали бројот на Роми кои вршат тешка физичка работа, како и да се обезбедат редовни приходи во семејството покрај социјалната помош која моментално претставува единствен приход на семејството,
- редовно вклучување на ромските деца во образовниот процес со цел нивно вклучување во систематските прегледи и редовна имунизација,
- намалување на малолетничките бракови со цел да се намали негативното влијание врз репродуктивното здравје на женската популација,
- организирање на еколошки акции за чистење на депониите и соодветен третман на отпадот со цел создавање на чиста животна средина во населбата,
- спроведување на конкретни истражувања за специфичните здравствени проблеми на заедницата со цел да се реализираат здравствени активности насочени кон ромската заедница,
- воспоставување на механизам за редовна комуникација и координација на активностите на здравствените установи со ромската заедница и граѓанскиот сектор,

- иницирање на активности за континуирана здравствена едукација и информираност на Ромите во однос на превентивните мерки и здравствените програми на Министерство за здравство со цел ромската заедница да ги користи владините мерки и активности во насока на подобрување на здравствената состојба на граѓаните,
- обезбедување на бесплатна правна помош за ромската заедница при остварување на правото на здравствено осигурување и здравствена заштита,
- преземање на активности за намалување на појавата на питачење, емиграција и наркоманија,
- зајакнување на заедницата во однос на барањата за еднаков и соодветен пристап до здравствени услуги,
- преземање на активности за намалување на предрасудите и стереотипите од страна на здравствените работници кон Ромите,
- вклучување на здравствен медијатор со цел да ја олесни комуникацијата помеѓу здравствените работници и пациентите Роми,
- мотивирање и зголемување на бројот на ученици Роми во здравствени струки заради создавање на медицински кадар од ромската заедница,
- обезбедување на соодветен Центар/технички опремена просторија во населбата Баир каде би можеле да се спроведуваат теренските активности на здравствените установи,
- лобирање за ослободување од плаќањето на одредени здравствени услуги кои се вршат во примарната здравствена заштита за корисниците на социјална помош и лицата без приходи,
- преземање на активности за застапување на проблемите пред надлежните институции за реализација на владините заложби од Декадата за вклучување на Ромите, Стратегијата за Роми и Акциониот План за Роми.

Мобилизација на ромската заедница во однос на проблемите и потребите од аспект на нивното здравје, паралелно со воспоставување на директна и официјална соработка со локалните институции и здравствените установи врз основа на која ќе се адресираат препреките со кои се соочуваат Ромите во пристапот до здравствената заштита, како и обезбедување на континуирана донаторска поддршка на активностите, претставува главниот фокус на работа при покренување на здравствена инцијатива во населба Баир со цел подобрување на здравствената состојба на ромската заедница од општина Битола.

ЗА НАС

РОМА С.О.С. е волонтерска, невладина, не-политичка и независна граѓанска организација основана во 2005 година чии што активности, базирани на основните принципи на солидарност, правичност, човечко достоинство, еднаквост во правата и можностите кон разликите, се фокусирани кон ранливите и маргинилизирани групи, посебно кон Ромите.

ЦЕЛТА НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА е да претставува мост за интеграција на ромската заедница, главно преку вклучување на нивните потреби во форма на институционален пристап, со посебен акцент кон жените Ромки. Промовирањето и борбата за остварување на човековите права е од суштинско значење во текот на работата на организацијата додека остварува одредени конкретни цели.

ВИЗИЈА НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА е да креира еднакви можности и услови при остварување на општествените, економските, социјалните и културните интереси на Ромите со другите групи во мултиетничко општество до 2020 година.

МИСИЈА НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА е да инспирира активно вклучување на Ромите во општествените процеси преку промовирање на здравствените права, правото на не-дискриминација и правата на жените, како и нудење на не-формална едукација на младите Роми.

РОМА С.О.С. е локална организација која што во изминатите години успеа да се развие во битен фактор во општина Прилеп, застапувајќи ги правата и потребите на Ромите. Во моментов РОМА С.О.С. брои повеќе од 10 активно вклучени млади Роми кои промовираат и работат на подобрување на интеграцијата на Ромите во општеството преку актуелизарање на различни прашања во однос на позицијата на Ромите. Дополнително, РОМА С.О.С. е организација во која активно се вклучени и не-Ромите кои заедно со другите членови од тимот се залагаат да креираат модел на мултиетнички развој..

Канцеларијата на РОМА С.О.С. е лоцирана во самата населба Тризла 2 (улица Дабничка) каде е концентрирана ромската популација, што ја прави организацијата и активностите лесно достапни за ромската заедница.

ИНИЦИЈАТИВА
Здравствено советувалиште 3

ФИНАНСИРАНО
Проект за здравјето на Ромите,
Институт Отворено Општество Будимпешта

СОРАБОТНИЦИ
Ц.Р.Р.З. „Баирска светлина“ – Битола

КОНСУЛТАНТ
ЦРИС Студиорум - Скопје

Ромска Организација за Мултикултурна Афирмација
РОМА С.О.С.
www.romasosprilep.org

улица Дабничка бр.31
7 500 Прилеп
тел/факс +389 48 429 328
e-mail: romasosprilep@yahoo.com
mail@romasosprilep.org